**Заклучоци и препораки од 27. седница на НСП, одржана на 28.12.2015 година**

1. **Предлози на Работната група за поддршка на операции, инфраструктура и стандарди (РГПОИС) и Работната група за електронски кредитни трансфери (РГКТ) по заклучоците од 25 седница на НСП за стандардизација на електронските кредитни трансфери, со приоритет на плаќањата на клиентите со банките (К2Б)**

Врз основа на наодите што произлегоа од анализите за платните инструменти и за техничките стандарди и правила по коишто се извршуваат плаќањата во РМ, вклучително и нивна споредба со инструментите, стандардите и правилата што се применуваат во СЕПА (дефинирани со Регулативата 260/2012), изготвени од РГКТ и РГПОИС, соодветно, НСП на 25. Седница заклучи дека *за зголемување на ефикасноста на плаќањата со кредитен трансфер и за широка употреба на електронските медиуми за безготовински плаќања (интернет, мобилен телефон и сл.), потребно е да се воспостават единствени технички стандарди и правила за размена на податоците меѓу учесниците според СЕПА, при што приоритетно треба да се стандардизираат К2Б плаќањата, што потоа би ја забрзало и стандардизацијата на Б2Б плаќањата* и ги задолжи работните групи заедно да продолжат да работат на ова прашање.

РГПОИС и РГКТ на 27. Седница на НСП предложија да се покрене иницијатива пред банките за воспоставување и договорна примена на единствени технички стандарди и правила за извршување на плаќањата, ценејќи дека како носители на платниот промет би имале придобивки од стандардизацијата, а со тоа и интерес за спроведување на истото. За иницијативата, работните групи доставија предлози по коишто банките треба да се произнесат, како и временска рамка со потребните активности за примена на СЕПА стандардите и за надминување на утврдените слабости што произлегуваат од националните специфики, доколку истата се прифати.

НСП го разгледа предлогот и **заклучи** дека *стандардизацијата на електронските кредитни трансфери би можела релативно брзо и ефикасно да се воспостави доколку банките постигнат консензус за договорна примена на единствени технички стандарди и правила* за извршување на плаќањата, заради што го овласти претседателот на НСП да ја достави *иницијативата до Здружението на банкарството со барање да обезбеди*

*написмено мислење по предлозите од сите носители на платниот промет, најдоцна до 19.02.2016 година, и до крајот на месецот да организира состанок на којшто би се изградил заеднички став*.

2. **Известување од координаторите на другите работни групи за преземените активности по Стратегијата и меѓусебно информирање на членовите на НСП за активностите и плановите на институциите**

   НСП ги сумираше резултатите од активностите во изминатиот период и констатира дека *планираните анализи* за согледување на состојбите во националниот платен систем и идентификација на разликите во однос на законодадвството на ЕУ и стандардите и правилата за работа во СЕПА *по стратегиските насоки 3.3.1.1, 3.3.1.2, 3.3.2 и 3.4 се завршени, и врз основа на наодите се дадени предлози и препораки до институциите*.

   *Од друга страна, имајќи ја во вид тековната техничка поддршка од ЕУ*, ИПА проектот за усогласување на националното законодавство со законодавството на ЕУ во областа на платните системи и ИПА проектот за имплементација на нов интегриран информационен систем за управување со јавните финанасии, чијшто предмет и опфат се тесно поврзани со горенаведените стратегиски насоки, *НСП се договори по добивањето на наодите и препораките од странските експерти да ги разгледа повторно предлозите и препораките*.

3. **Ревизија на Акцискиот план за спроведување на Стратегијата**

   НСП се договори за ревизија на Акцискиот план, што ќе биде дополнително усогласено помеѓу членовите и координаторите на работните групи.

Претседател на
Националниот совет за платни системи и
советник на гувернерот
за платни системи и евроинтеграции

Емилија Нацевска, с.р.